Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
**- Надзорен одбор -**
број 0202 - 1041/11-1
27.02.2014 година

Со цел одобрување на работата на Надзорниот одбор на Друштвото од страна на Собранието на Друштвото согласно член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Друштвото до Собранието на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп го поднесува следниот:

# ИЗВЕШТАЈ

**за работењето Надзорниот одбор на Друштвото за деловната 2013 година**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Надзорниот одбор на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото) во текот на деловната 2013 година, по конституирањето од страна на Собранието на Друштвото и уписот на истиот во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Македонија, ги презема сите дејствија и активности за ефективно и ефикасно извршување на надзор над работењето на Друштвото и остварување на своите права и обврски согласно Законот за трговските друштва и Законот за супервизија на осигурување.

Надзорниот одбор на Друштвото во текот на деловната 2013 година одржа вкупно 4 седници на кои беа разгледувани и донесени одлуки согласно неговите надлежности утврдени во Статутот на Друштвото и Правилникот за работа на истиот.

Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, Статутот на Друштвото, и одлуката донесена од страна на Собранието на Друштвото, во текот на 2013 година Надзорниот одбор беше составен од 5 (три) члена. Надзорниот одбор го сочинуваат:

- **г-дин Франц Козина**, како Претседател на Надзорниот одбор,
- **г-дин Ханс Раумауф**, како Потпреседател на Надзорниот одбор,
- **г-дин Андреја Јосифовски**, член на Надзорниот одбор;
- **г-дин Михаел Хаг**, член на Надзорниот одбор;
- **г-дин Реинхард Гојер**, член на Надзорниот одбор.

## 2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, Закон за супервизија на осигурување, како и овластувањата кои им се дадени со Статутот на Друштвото и Правилникот за работата на Надзорниот одбор, а заради остварување на целта на надзор, Надзорниот одбор ги презема сите активности во врска со:

- надзор над управувањето на Друштвото,
- одобрување на одлуки на Управниот одбор по однос на деловната политика и финансиските планови на Друштвото;
- застапување на Друштвото спрема членовите на Управниот одбор;

- објективното и професионалното функционирање на системот за внатрешна ревизија на Друштвото;
- разгледување на наодите и решенијата на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија;
- заштита на акционерскиот капитал.

Во рамките на своите овластувања утврдени во позитивните прописи, Статутот на Друштвото и Правилникот за работата на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор презема активности со цел извршување на надзор, пред се преку донесенување на одлуки и акти со кои одобруваат деловните политики и стратегии во осигурителното работење, а заради усогласување на работењето на Душтвото со позитивните законски прописи.

При донесеувањето на одлуките соодветно беше применуван Законот за трговските друштва и Правилникот за работа на Надзорниот одбор. За сите состаноци кои ги одржа Надзорниот одбор во текот на деловната 2013 година составени со соодветни записници кои се потпишани од сите членови.

Сите одлуки кои се усвоени од страна на Надзорниот одбор, како и целокупната документација која се однесува на истите можат да се разгедаат во седиштето на Друштвото, односно во Генералната дирекција на Друштвото на ул. 11 Октомври бр.25 во Скопје.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

Како што е веќе споменато, во текот на деловната 2013 година, Надзорниот одбор на Друштвото одржа 4 седници на кои беа донесени одлуки поврзани со:

- функционална поставеност на членовите на Надзорниот одбор;
- избор и надзор на членовите на Управниот одбор на Друштвото,
- утврдување и поделба на одговорностите на членовите на Управниот одбор;
- актите за работењето на Надзорниот и Управниот одбор;
- одобрување на актите на деловната политика на Друштвото согласно одредбите од Законот за супервизија на осигрување;
- одобрување на програмите и плановите за работа на организационата единица за внатрешната ревизија на Друштвото;

Сите одлуки кои Надзорниот одбор на Друштвото ги донесе во текот на деловната 2013 година, се донесени во транспарентна постапка врз основа на објективност и стручност, со цел надзор над управувањето на Друштвото.

## 4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛАСУВАЊА

Работата на Надзорниот одбор во овој Извештај се разгледуваше колективно. Важно е да се напомене дека членовите учествуваа и гласаа на сите седници позитивно, односно "за" усвојување на секоја одлука на секоја седница на Надзорниот одбор.

Работењето на Надзорниот одбор беше во рамките на законските утврдени надлежности и основните акти со кои е утврдена деловната политика на Друштвото и групацијата на која припаѓа Друштвото. Сите членови на Надзорниот одбор дадоа адекватен и значителен придонес во функцинирањето на одборот.

Надзорниот одбор воспостави соработка со Управниот одбор на Друштвото и организационата единица за внатрешна ревизија на Друштвото. Активнотстите на Надзорниот одбор придонесоа

оваа година Друштвото да работи профитабилно и да ги задоволи потребите на акционерите на Друштвото.

НАДЗОРЕН ОДБОР
**Потпретседател на Надзорен одбор**

**г-дин Ханс Раумауф**